Врз основа на член 36 став1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11, а во врска со член 1 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 17.11.2023 година ја усвои следната:

# ПРОГРАМА
## за Социјална детска и здравствена заштита за 2024 година

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Согласно законот за социјална заштита дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права од социјална заштита, социјални услуги и други мерки утврдени со овој закон. Социјалната заштита се остварува преку преземање на мерки и активности во субвенционирање, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области согласно со закон. Остварувањето на социјалната заштита, детската и здравствената заштита се заснова на Законот за социјална заштита, Законот за заштита на деца, Законот за семејство, Националната програма за развој на социјалната заштита во РСМ и др. закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната , детската и здравствената заштита како и надлежностите на општината дадени со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општина Пробиштип.

Во програмата се имплементираат стратешките приоритети на општината за тековната година но и од мерките утврдени на национално ниво. Се реализираат активности со цел да се придонесе јакнење на социјалната функција на општината во согледување на потребите на граѓаните и грижата и помошта на оние лица,семејства, општествени групи кои се засегнати од одредени социјални ризици. Програмата предвидува соработка со ЈУ„Центар за социјална работа", Центар за вработување, Полициска станица, училишта, градинки , Здравствениот дом „Нада Михајлова, ОО„Црвен Крст" и други министерства, установи, институции, НВО и приватен сектор. При планирањето на Програмата се земени во предвид потребите на мажите и жените според принципот на родовата рамноправност.

Општина Пробиштип има изготвен стратешки документ -Социјалниот план за 2022-2025 година кој е направен со поддршка на Ептиса и со членовите на Општинскиот совет за социјална заштита кои учествуваат во изготвување на оваа програма. Општинскиот совет за социјална

заштита учествуваше во изготвување на годишна програма за социјална заштита и на редовна седница истата ја усвои.

Во програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2024 година активност поделени во областите во која се делува и тоа:

1. <u>АКТИВНОСТИ ВО СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА</u>

- **Помош на социјално загрозени лица и лица во социјален ризик**

Согласно законот за социјална заштита, Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5 година, Социјален ризик" е состојба која има потенцијал да го отежни или оневозм непреченото социјалното функционирање на поединецот, семејството и одредна група, која м да дојде во потреба од социјална помош. Основните социјални ризици на кои е изло поединецот во смисла на овој закон се: мајчинство, болест, старост, смрт, повреда и попречен Во оваа програма лицата во социјален ризик како целна група се опфатени преку:

- <u>Обезбедување на еднократна парична помош</u> по однос на поднесено барање соглас правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип со арх.број 570/8 од 30.04 2015г и дополнување на правилникот со број 26-1084/7 од 30.09 2015 годи Вкупно предвидени средства **<u>800.000,00 денари</u>**
- <u>Обезбедување на социјални пакети за лицата во социјален ризик</u> по претходно испрате барање до центар за социјална работа и добивање на мислење по истото. Социјални пакети ќе се даваат на лица во социјален ризик, приматели на гарантирана минимал помош од Центар за социјална работа. Оваа активност ќе се реализира во соработка с Центар за социјална работа Пробиштип . Пакетите ќе се даваат по повод Новогодишни празници. Вкупно предвидени средства **<u>150.000,00 денари</u>**
- <u>По повод 3-ти декември</u> , Меѓународен Ден на лица со посебни потреби се посетуваа корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост и инклузираните ученици во училиштата од страна на Градоначалникот на општина Пробиштип и им се даваат подароци. **Вкупно предвидени средства 50.000,00 денари**
- <u>Новогодишно пакетче по повод Новогодишните празници</u> за корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост, инклузираните ученици во училиштата од страна на Градоначалникот на општина Пробиштип. **Вкупно предвидени средства 30.000,00 денари**
- <u>Еднократна парична помош за корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст.</u> По повод 28 –ми Август Празникот на градот се обезбедува ваучер од 20.000,00 ден по корисник . Надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст се обезбедува за поттикнување социјално вклучување и еднакви можности на лице кое е со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице. Оваа активност ќе се реализира во соработка со Центарот за социјална работа Пробиштип од каде и добивме

податок дека има околу 92 корисника на ова право. Оваа бројка е променлива. Вкупно **предвидени средства 1.850.000,00денари**

- Субвенција на сметки за комунални услуги преку ЈКП„Никола Карев"за лицата корисници на правото на додаток за слепило од Центар за социјална работа Пробиштип. Оваа мерка се користеше врз основа на поднесено и Одобрено барање од Здружението на слепи лица со заклучок број 26-810/27-2 од 30.08 2019 година и 26-427/19-1 од 15.05 2020 година каде беа ослободувани месечно по 500 ден.Заради еднакви можности на лицата со оштетен вид предлагаме нова мерка, Субвенција на сметки за вода преку ЈКП„Никола Карев" од месечно 500 денари за лицата корисници на правото на додаток за слепило од Центар за социјална работа Пробиштип. Од страна на Центар за социјална работа добивме првична информација дека 27 е бројката на овие корисници. Оваа активност ќе се реализира во соработка со Центарот за социјална работа Пробиштип. За реализација на оваа мерка ќе треба да се направи правен акт и да се усвои од страна на Совет на општина Пробиштип. **Вкупно предвидени средства 170.000,00денари**

**Вкупно предвидени финансиски средства за активности од областа на социјалната заштита**

1. Обезбедување на еднократна парична помош по однос на поднесено барање...800.000,00ден
2. Обезбедување на социјални пакети за лицата во социјален ризик......150.000,00ден
3. Новогодишни пакетчиња за корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост, инклузираните ученици.......30.000,00ден
4. Посета на корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост, инклузираните ученици по повод 3-ти декември......50.000,00
5. Еднократна парична помош за корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст..........................................1.850.000,00ден
6. Субвенција на сметки за комунални услуги преку ЈКП„Никола Карев"за лицата корисници на правото на додаток за слепило од Центар за социјална работа Пробиштип.....170.000,00ден.

**ВКУПНО 3.050.000,00 ден**

## 2. АКТИВНОСТИ ВО ДЕТСКА ЗАШТИТА

-Остварување на право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев" Пробиштип за згрижување на деца на самохрани родители согласно Правилник за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоци за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавни установи за деца. Правото на партиципација во трошоците за

згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст се обезбедува за самохрани родители кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка.

**Вкупно предвидени средства 50.000,00 денари**

-Остварување на право на партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип согласно донесен Правилник од совет на општината со број 26-141/7 од 08.02 2019г. **Вкупно предвидени средства 50.000,00 денари**

-Остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 60.000,00 ден. Висината на партиципацијата е согласно правилникот за утврдување на цените на услугите на детската градинка или по 1490 ден месечно за дете.Остварувањето на ова право е во зависност од материјалната состојба на семејсвото.Општина Пробиштип треба да изготви правен акт за користење на оваа мерка и да го достави до Совет на општина Пробиштип за усвојување.

**Вкупно предвидени средства 3.000.000,00 денари.**

-Еднократна парична помош од 20.000 ден за дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок. Дете со попреченост во смисла на Законот за заштита на децата е дете со тешки, потешки или најтешки пречки во телесниот развој; умерена, тешка или длабока ментална попреченост,најтешки облици на хронични заболувања; најтежок степен на оштетување на видот, слухот или говорот (слепо лице и практично слепо лице; практично глуво и тотално глуво лице; лице со потполно отсуство на говорот,лице со тешко оштетен говор поради детска парализа,лице со аутизам, лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор , Даунов синдром и повеќе видови на пречки (комбинирани) во развојот. Оваа активност ќе се реализира по повод празникот на градот 28-ми август и во соработка со ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип од каде и добивме податок дека ова право го користат 34 корисника но и оваа бројка е променлива.

Посебен додаток се исплатува на родителот или старателот кој се грижи за издржувањето на детето, како и на лице на кое со решение на надлежен центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејство со него. **Вкупно предвидени средства 700.000,00 денари**

-Еднократна парична помош од 5.000,00 ден за секое новороденче чии родители/старатели според лична карта се во место на живеење во општина Пробиштип. ( Барањето за остварено право на еднократна парична помош за новороденче се поднесува до општина Пробиштип , до Одделение за јавни дејности на посебен образец барање и во прилог на барањето се доставуваат потребните документи на разгледување и изготвување на решение за остварено право. **Вкупно предвидени средства 600.000,00 денари**

-Обезбедување на новогодишни пакетчиња за децата запишани во ЈОУДГ„Гоце Делчев“Пробиштип. **Вкупно предвидени средства 80.000,00 денари**

-Бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение во основните општински училишта и подрачни училишта. Станува збор за 497 ученици од прво до петто одделение кои секој ден ќе добиваат оброк во училиштето што е мошне значајно за содавање на навики за здрав начин на исхрана од најмала возраст.Ова е бројката од запишани ученици од учебната 2023-2024 година и е променлива. Начинот на организирање на исхрана на децата на возраст од 6-10 години, утврдувањето на менито и цената на услугата ќе бидат утврдени со правилник за утрврдување на цените на услугите за еден оброк на детската градинка и доставени до советот на општина Пробиштип на усвојување.

Општина Пробиштип треба да изготви правен акт за користење на оваа мерка и да го достави до Совет на општина Пробиштип за усвојување.

**Вкупно предвидени средства 2.700.000,00 денари**

-Додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче “ Пробиштип. Целта е да се помогне на домаќинствата заради покривање на дел од трошоците поврзани со школување на децата но и да се даде мотив на учениците да го продолжат средното образование во општина Пробиштип. Редовните ученици од прва година запишани во СОУ Н.Н.Борче Пробиштип ќе добиваат месечно по 2000 денари во период од 9 месеци, т.е додека трае школската година.

Општина Пробиштип треба да изготви правен акт за користење на оваа мерка и да го достави до Совет на општина Пробиштип за усвојување.

Оваа мерка ќе се обезбедува од учебната 2024/2025 година семејствата во покривање на дневниот оброк на ученикот. **Вкупно предвидени средства 1.300.000,00 денари**

**Вкупно предвидени финансиски средства од областа на детската заштита**

1. Остварување на право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип за згрижување на деца на самохрани родители.....................**50.000,00ден**
2. Остварување на право на партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип...................**50.000,00ден**
3. -Остварување на право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 60.000,00 ден................................ **3.000.000,00 денари**
4. Еднократна парична помош од 20.000 ден за дете со попреченост до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок............700.000,00 **денари**..
5. Еднократна парична помош од **5.000,00 ден** за секое новороденче чии родители/старатели според лична карта се во место на живеење во општина Пробиштип........................................ **600.000,00 денари**.

6. Обезбедување на новогодишни пакетчиња за децата запишани во ЈОУДГ„Гоце Делчев"Пробиштип..............**80.000,00 ден**..........................
7. Бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение во основните општински училишта и подрачни училишта ........................... **2.700.000,00 денари**........
8. Додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче " Пробиштип.......**1.300.000,00ден**

**ВКУПНО 8.480.000,00 ден**

3. НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ

Поддршка на граѓански здруженија кои работат на полето на социјалната заштита
Заради обезбедување на рационална и транспарентна распределба на финансиските средства општина Пробиштип ќе објави јавен повик и критериуми за избор до граѓански здруженија кои работат на полето на социјалната заштита. Со вклучување на граѓанските организации ќе се овозможи намалување на социјалната исклученост но и помош на граѓанските организации во реализација на активности во општина Пробиштип од обласа на социјалната, детската и здравствената заштита, социјално-хуманитарни, здравствено-превентивни, едукативни и други активности. **Вкупно предвидени средства 100.000,00 денари**

Поддршка на активности на здружение на лица со оштетен вид. По повод Меѓународниот ден на белиот стап на Здружение на лица со оштетен вид каде членуват и жителите од општина Прибиштип се предвидува паричен надоместок од 20.000,00 ден за реализација на активноси и одбележување на овој ден согласно доставено барање од Здружението.

**Вкупно предвидени финансиски средства за активности за намалување на социјалната исклученост**

1. Поддршка на граѓански здруженија кои работат на полето на социјалната заштита..........**100.000,00ден**
2. Финансиска поддршка на Здружение на лица со оштетен вид за реализација на активности а по повод по повод Меѓународниот ден на белиот стап **20.000,00ден**

**ВКУПНО 120.000,00ден**

4. ДОМУВАЊЕ

Согласно член 57 став (2) алинеја 1 од Законот за социјалната заштита се предвивува финансиски средства за право на додаток за домување на материјално необезбедено лице кое е корисник на гарантирана минимална помош. Општина Пробиштип предвидува и финансиски средства за интервентно сместување на жртвите од семејно насилство.
Начинот и постапката на одобрување на правото на додаток за домување на материјално необезбедено лице и жртвите на семејно насилство ќе бидат определени со посебен Правилник кој ќе го донесе Советот на Општина.
Овие активности ќе се реализираат во соработка со Центарот за социјална работа Пробиштип.
**Вкупно предвидени средства 100.000,00 ден**

**Вкупно предвидени финансиски средства од областа на домувањето**

**ВКУПНО 100.000,00ден**

5. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

1. **Активности преку програмата Општинско –корисна работа**

-Реализација на активности преку Програмата општинско-корисна работа во соработка со АВРСМ и Центар за социјална работа. Преку програмата Општинско-корисна работа за период 2023-2024 година се реализира проектот Образовни асистенти на ученици со попреченост во СОУ „Н.Н.Борче" Пробиштип
Целта на оваа програма е социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд за обезбедување на социјални услуги на жителите од општина Пробиштип; Поддршка во учењето за учениците со попреченост во согласност со индивидуалните потреби на учениците со цел да се овозможи нивно учество во образовниот процес на еднаква основа со другите ученици и со тоа да се спречи нивната дискриминација поради попреченоста; Ученици од СОУ„Н.Н.Борче" со посебни образовни потреби инклузирани во редовна настава.
Преку програмата ОКР 2023-2024 година ангажирани се 3 лица со склучен договор на 9 месеци во СОУ„Н.Н.Борче Пробиштип од месец септември 2023 до 31.05 2024 година.
Ангажираните лица добиват надоместок од 13.750 ден (во бруто износ со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест. Општина Пробиштип учествува со кофинансирање од 20% од месечниот износ на надоместокот или 74.250,00 ден , а УНДП врши исплата на 80% или 297.000,00 ден .

За програмата ОКР 2023-2024 година од оваа програма од предвидените ќе се потрошат 49.500,00ден за период декември 2023г -мај 2024 година за исплата на ангажираните лица , а останатите ќе бидат за новата програма каде Општина Пробиштип повторно до колку има можност ќе аплицира со нова програма за период 2024-2025година. **Вкупно предвидени средства 150.000,00ден.**

2. Проект за Подобрување на социјалните услуги одобрен а поднесена од Општина Пробиштип и Кратово и ООЦрвен Крст Пробиштип ,а финасиран од МТСП (Министерство за труд и социјална политика) преку Светска банка со Меѓуопштинска соработка со Општина Кратово и со давател на услугата ОО Црвен Крст Пробиштип.

-Проектот за Подобрување на социјалните услуги , Услугата помош и нега во домот е согласно договорот за грант помеѓу Министерство за труд и социјална политика, ОО Црвен Крст Пробиштип, Општина Кратово и Општина Пробиштип со број 2.8/2022 година со вкупен буџет за реализација е 9.010.488 денари.

Во текот на 2023 година се воспостави услугата Помош и нега во домот со грант на давателот на услугата ОО Црвен Крст Пробиштип и продолжи со давање на услугата . Вкупниот период за реализација на двете фази е 18 месеци , до 30.06 2024 година.

Ангажирани се 14 лица од кои 7 за општина Пробиштип и 7 за општина Кратово.

Ангажираните лица ги вршат основите и инструментални активности согласно Закон за социјална заштита (одржување на домот, чистење, готвење, пазарење, перење, пеглање, поддршка во извршување на секојдневните активности, прошетка, комуникација со матичен лекар, придружба на рутински контроли кај матичниот лекар, набавка на лекови, мерење на шеќер во крвта и мерење притисок).

Со овој проект се опфатени крајни корисници од Општина Пробиштип и Кратово вклучувајќи ги и руралните средини, стари и изнемоштени лица, лица со намален функционален капацитет да им се олесни секојдневното функционирање преку услугата помош и нега во домот преку добивање на основни и инструментални услуги. Им се овозможува социјално здравствена услуга (мерење на шеќер во крвта и крвен пристисок).

Со оваа услуга и во двете општини се овозможува грижа на возрасните во домашни услови, олеснување во непречено извршување на домашните активности, поддршка во нивниот социјален живот од страна на сертифицирани лица негуватели/ки оспособени со вештини и компетенции кои ќе се обучат за давање на грижа на старите лица, давање на основните здравствени и социјални услуги во домашни услови на лица кои не се во состојба да се грижат сами за себе.

Проектот е планиран за една година до месец јуни 2024 година со можност за продолжување на давање на услугата помош и нега во домот од страна на ОО Црвен Крст Пробиштип. **Вкупно предвидени средства 50.000,00ден**

**Вкупно предвидени финансиски средства од проектни активности**

1. **Активности преку програмата Општинско–корисна работа ...150.000,00ден**
2. Проект за продолжување со услугата Помош и нега во домот а во рамки на проектот за Подобрување на социјалните услуги.............**50.000,00ден**

**ВКУПНО 200.000,00ден**

6. РЕАЛИЗИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА НЕПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ, БАРАЊА ОД СТРАНА НА ГРАЃАНИТЕ ОД ОПШТИНА ПРОБИШТИП

-Општина Пробиштип ќе биде подготвена и финансиски да одговори на барањата од жителите на општината со реализирање и поддршка на проекти, мерки и активности кои не се предвидени во оваа програма а кои имат значење во локалната заедница од областа на социјалната , детскатаи здравствената заштита. **Вкупно предвидени средства 60.000,00ден**

**Вкупно предвидени финансиски средства од реализирање и поддршка на непланирани проекти и активности , барања од страна на граѓаните од општина Пробиштип**

**ВКУПНО 60.000,00ден**

7. РЕАЛИЗИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ОД ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

-Одржување на трибини, работилници и јавни расправи на членовите на Општинскиот совет за социјална заштита. **Вкупно предвидени средства 30.000,00ден**

**Вкупно предвидени финансиски средства од реализиње на активности на Општиснкиот совет за социјална заштита**

**ВКУПНО 30.000,00ден**

Средствата за реализација на програмата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Пробиштип со можност и др.средства од грантови и донации.

**Финансиска рамка на програмата за социјална, здравствена и детска заштита за 2024 година**

| рб | Планирани активности и проекти | Финансирање | | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| | | Општински буџет | донација | |
| 1. | Вкупно предвидени финансиски средства за активности од областа на социјалната заштита | 3.050.000,00 | | |
| 2. | Вкупно предвидени финансиски средства за активности од областа на детската заштита | 8.480.000,00 | | |
| 3. | Вкупно предвидени финансиски средства за активности за намалување на социјалната исклученост | 120.000,00 | | |
| 4. | Вкупно предвидени финансиски средства од областа на домувањето | 100.000,00 | | |

**Изработил:**Одделение за јавни дејности

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 5. | Вкупно предвидени финансиски средства од проектни активности<br>Донација од УНДП за програмата Општинско корисна работа 2023-2024 година | 200.000,00 | 297.000,00 ден | |
| 6. | Вкупно предвидени финансиски средства од реализиње и поддршка на непланирани проекти и активности , барања од страна на граѓаните од општина Пробиштип | 60.000,00 | | |
| 7. | Вкупно предвидени финансиски средства од реализиње на активности на Општиснкиот совет за социјална заштита | 30.000,00 | | |
| *ВКУПНО :* | | 12.040.000,00 денари | 297.000,00 ден | |

Програмата влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Број 26-1097/27
17.11.2023 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАВАЧ
Борче Миланов